Бр. 02-153/10
31.1.2014 год.
Скопје

Врз основа на член 4 и 5 од Правилникот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност бр. 02-870/10 од 20.11.2012 година, Конкурсот за избор на десет научници на годината при Универзитетот за 2013 година, и Предлогот на Комисијата за наука за избор на десет научници на годината при Универзитетот, донесен на седницата одржана на 22.1.2014 година и 24.1.2014 година, Универзитетскиот сенат на 16. седница одржана на 31.1.2014 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор на десет научници на годината при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за 2013 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваата десетте научници на годината при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кои во календарската 2013 година покажаа врвни резултати во научноистражувачката дејност (по азбучен ред на презимињата):

1. **Димовски Дончо**, Природно-математички факултет
2. **Докмановиќ Миша** , Правен факултет „Јустинијан Први"
3. **Јаневски Тони**, Факултет за електротехника и информациски технологии
4. **Каракамишева Јовановска Тања**, Правен факултет „Јустинијан Први"
5. **Костовски Жарко**, Факултет за физичка култура
6. **Пејова Билјана**, Природно-математички факултет
7. **Спасовски Гоце**, Медицински факултет
8. **Стојковска Ирена**, Природно-математички факултет
9. **Хаџи-Велков Зоран**, Факултет за електротехника и информациски технологии
10. **Хоџа Фадил**, Филолошки факултет „Блаже Конески"

**Член 2**

На избраните научници им се исплаќа еднократно авторски надомест во износ од 30.000,00 денари.

Средствата се исплаќаат од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот за 2013 година (Универзитетски гласник бр. 240/2013) од ставката 4. активности поврзани со научноистражувачката дејност.

**Член 3**

Промоцијата за доделување на наградите на десетте научници научници на годината при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ќе ја изврши ректорот на Универзитетот.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Ректор**

**проф. д-р Велимир Стојковски**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" * Република Македонија * Скопје *